# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2024 ГОДИНА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ 2022-2027 И НАП ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ 2022-2024

МАЈ, 2025

**СОДРЖИНА**

ЛИСТА НА КРАТЕНКИ ........................................................................................................................ 2

1. РЕЗИМЕ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ПО ОПШТИТЕ ЦЕЛИ СОГЛАСНО НАЦИОНАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ 2022-2024 ...........................................................3

2. ПРЕГЛЕД НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ И АКТИВНОСТИ СОГЛАСНО НАПРЕ 2022-2024.......7

3. ПРЕДИЗВИЦИ И РИЗИЦИ ВО ТЕКОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА АКЦИСТКИОТ ПЛАН НА СТРАТЕГИЈАТА СО ПРЕПОРАКИ ..............................................................................................17

4. АНЕКС

   Табеларен преглед на реализирани активности ...............................................................18

**ЛИСТА НА КРАТЕНКИ:**

| | |
|---|---|
| АВМУ | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| АКН | Агенција за катастар на недвижности |
| АФПЗРР | Агенција за финансиска поддршка во земјоделието и рурален развој |
| БПП | Бесплатна правна помош |
| БРО | Биро за развој на образованието |
| ГО | Граѓански организации |
| ДЗС | Државен завод за статистика |
| ЕРЗС | Единствениот регистар на земјоделски стопанства |
| ЗСД | Завод за социјални дејности |
| ИСУЧР | Информациониот систем за управување со човечки ресурси |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МДТ | Министерство за дигитална трансформација |
| МЗШВ | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| МИОА | Министерство за информатичко општество и администрација |
| МЈА | Министерство за јавна администрација |
| МКТ | Министерство за култура и туризам |
| МО | Меѓународни организации |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МП | Министерство за правда |
| МСПДМ | Министерство за социјална политика демографија и млади |
| НАПРЕ | Национален акциски план за родова еднаквост 2022-2024 |
| НКТ | Национално координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејно насилство |
| НСФ | Национални спортски федерации |
| ОДУ | Органи на државната управа |
| ООН | Организација на обединетите нации |
| РА | Радиостаница |
| РБН | Родово базирано насилство |
| РЗН | Родово засновано насилство |
| РОБ | Родово одговорно буџетирање |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| ССО | Сеопфатно сексуално образование |
| ТВ | Телевизија |
| ТЛ | Трговија со луѓе |
| НВО | Невладина организација |
| СВР | Сектор за внатрешни работи |
| ЗОРОДУ | Закон за организација и работа на органите на државната управа |

## 1. РЕЗИМЕ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ПО ОПШТИТЕ ЦЕЛИ СОГЛАСНО НАЦИОНАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ 2022-2024

Овој извештај дава преглед на постигнатите резултати и спроведените активности во текот на 2024 година предвидени со Националниот Акциски план за родова еднаквост 2022-2024 година (НАПРЕ) за спроведување на Стратегија за родова еднаквост 2022-2027 година (Стратегијата).

Спроведувањето на Стратегијата значи и исполнување на обврските преземени со пристапувањето кон Конвенцијата на ООН за елиминација на сите форми на дискриминација на жената како и придонес кон исполнувањето на политичките критериуми за членство во Европската Унија.

Истиот е изработен од страна на Секторот за еднакви можности во Министерството за социјална политика демографија и млади (МСПДМ) согласно член 12 став 1 алинеја 6 од Законот за еднакви можности на жените и мажите.

Годишниот извештај од методолошки аспект е подготвен врз основа на добиени информации од органите на државната управа за изработка на: Извештаи на органите на државна управа (ОДУ) кои се носители на активностите во НАПРЕ доставени до МСПДМ и Годишен Извештај за превземените активности и постигнатиот напредок за воспоставување еднакви можности на жените и мажите во Република Македонија за 2024 година.Важно е да се напомене дека дел од носителите на активности кои што доставија информации не содржат податок за финансиски средства.

Националниот план за родова еднаквост (НАПРЕ) 2022-2024 е документ со кој се дефинира начинот на спроведување на Националната стратегија за родова еднаквост 2022-2027, донесена од страна на Собранието на РСМ на ден 27.07.2022 година, преку дефинирање на активностите, индикаторите за активностите, носителите на обврска за спроведување на истите, временската рамка и издвоените финансиски средства за спроведување на активностите утврдени со Стратегијата, а кои сите заедно имаат цел за унапредување на родовата еднаквост и унапредување на статусот на жените.

Националниот Акциски План 2022-2024, беше подготвен од работна група, составена од претставници на министерства, други органи на државна управа и претставници на граѓанскиот сектор чии области на делување се опфатени со Стратегијата, односно кои се посветени и работат на зајакнување на видливоста и вклученоста на родовата еднаквост во сите сегменти на секојдневното живеење.

Националниот Акциски План 2022-2024 ги опфаќа активностите, индикаторите, носителите на активностите, временската рамка и потребниот буџет за спроведување на активностите со кои се постигнуваат специфичните и општите цели поставени со Стратегијата, во првиот период – од 2022 до 2024 година.

Покрај тоа што во Стратегијата е предвидено да се подготват Годишни оперативни планови за операционализација на Националниот Акциски План 2022-2024, дел од Министерствата и другите органи ги имаат подготвено и објавено на веб страниците, но не е воспоставена пракса од сите надлежни органи за нејзино спроведување.

Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 опфаќа три општи цели: 1) воспоставување на ефективен и ефикасен систем за унапредување на родовата еднаквост на централно и локално ниво, 2) подобрување на положбата на жените во сите области на јавниот и приватниот живот и 3) сузбивање на родовите стереотипи и градење на култура на ненасилство и недискриминација врз основа на пол, род и родов идентитет. Стратегијата предвидува специфични цели и индикатори за остварување на општите цели.

**ШЕМАТСКИ ПРИКАЗ**

- **1. ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЕФЕКТИВЕН И ЕФИКАСЕН СИСТЕМ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ НА ЦЕНТРАЛНО И ЛОКАЛНО НИВО**
  - 1.1. Унапредување на родовите механизми на централно и локално ниво, во согласност со законската рамка за унапредување на родовата еднаквост
  - 1.2. Воспоставување на функционален систем за вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките, програмите и буџетските процеси на централно и локално ниво
  - 1.3. Воспоставување на ефикасен систем за следење на состојбата со родовата еднаквост, во согласност со релевантните меѓународни обврски и препораки
  - 1.4. Имплементација на родова перспектива во работата и креирањето мерки и програми во време на вонредни услови и кризни состојби на централно и локално ниво
- **2. ПОДОБРУВАЊЕ НА ПОЛОЖБАТА НА ЖЕНИТЕ ВО СИТЕ ОБЛАСТИ НА ЈАВНИОТ И ПРИВАТНИОТ ЖИВОТ**
  - 2.1. Намалување на родовиот јаз во економското учество на жените и на пазарот на труд, со интерсекциски пристап
  - 2.2. Унапредување на положбата на жените во земјоделството преку посебни мерки и политики насочени кон афирмација и соодветно вреднување на нивната работа
  - 2.3. Зајакнати механизми за заштита на животната средина и креирање на родово одговорни политики за климатски промени и климатски отпорни политики за родова еднаквост
  - 2.4. Еднакво учество на жените во донесување одлуки на сите нивоа во политичкиот и јавниот живот
  - 2.5. Еднаков пристап до здравствена заштита за сите жени
  - 2.6. Родово сензитивни образование и наука
  - 2.7. Унапредување на родовата еднаквост за постигнување и одржување на позитивен мир
  - 2.8. Подобрување на пристапот до социјални услуги и промоција на родовата перспектива за социјална сигурност
  - 2.9. Еднаков пристап до правда за сите жени и мажи
  - 2.10. Унапредување на родовата еднаквост во спортот
  - 2.11. Унапредување на родовата еднаквост во културата
- **3. СУЗБИВАЊЕ НА РОДОВИТЕ СТЕРЕОТИПИ И ГРАДЕЊЕ КУЛТУРА НА НЕНАСИЛСТВО И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА ВРЗ ОСНОВА НА ПОЛ, РОД И РОДОВ ИДЕНТИТЕТ**
  - 3.1. Спречување и борба против родово базирано насилство
  - 3.2. Сузбивање на родовите стереотипи и сексизмот и промовирање еднаквост

Националниот план за родова еднаквост 2022-2024 е документ со кој се дефинира начинот на спроведување на Националната стратегија за родова еднаквост 2022-2027, донесена од страна на Собранието на РСМ на ден 27.07.2022 година, преку дефинирање на активностите, индикаторите за активностите, носителите на обврска за спроведување на истите, временската рамка и издвоените финансиски средства за спроведување на активностите утврдени со Стратегијата, а кои сите заедно имаат цел за унапредување на родовата еднаквост и унапредување на статусот на жените.

Во НАПРЕ опфатени се 25 резултати со 71 индикатори на ниво на резултат. Од нив во референтниот период требало да бидат спроведени 45 активности, од кои 33 се спроведени (73,3%), 1 е делумно спроведен ( 2,2%), во тек се 4 активности ( 8,9%) и 7 активности не се спроведени (15,6 %).

Графички приказ 1: Степен на реализација на активности




Во Општата цел 1: Воспоставување на ефективен и ефикасен систем за унапредување на родовата еднаквост на централно и локално ниво, од вкупно 8 предвидени активности, сите се спроведени.

Графички приказ 2: реализирани активности во Општа цел 1




| | Резултат 1.1.1 | Резултат 1.1.2 | Резултат 1.2.1 | Резултат 1.3.1 |
|---|---|---|---|---|
| неспроведени | 0 | 0 | 0 | 0 |
| во тек | 0 | 0 | 0 | 0 |
| делумно спроведени | 0 | 0 | 0 | 0 |
| спроведени | 2 | 4 | 1 | 1 |

спроведени делумно спроведени во тек неспроведени

Во Општата цел  2: Подобрување на положбата на жените во сите области на јавниот и приватниот живот,  20 активности се спроведени (69%), 3 се во тек (10,3%) и 6 се не спроведени (20,7%).

Графички приказ 3: реализирани активности во Општа цел 2




| | Резултат 2.1.1 | Резултат 2.1.2 | Резултат 2.1.5 | Резултат 2.2.1 | Резултат 2.2.4 | Резултат 2.4.1 | Резултат 2.4.4 | Резултат 2.6.1 | Резултат 2.6.2 | Резултат 2.6.3 | Резултат 2.6.5 | Резултат 2.8.1 | Резултат 2.9.1 | Резултат 2.11.1 | Резултат 2.11.2 | Резултат 2.11.3 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| неспроведени неспроведени | 1 | | | 1 | | 1 | | | 1 | | 1 | | | | 1 | |
| во тек во тек | | 1 | | 1 | | | 1 | | | | | | | | | |
| делумно спроведени делумно спроведени | | | | | | | | | | | | | | | | |
| спроведени спроведени | | | 3 | | 2 | | 3 | 2 | 1 | 1 | 3 | 1 | 2 | 1 | | 1 |

Во Општата цел  3: Сузбивање на родовите стереотипи и градење на култура на ненасилство и недискриминација врз основа на пол, род и родов идентитет, од вкупно 8 предвидени активности, 5 се спроведени (62,5%), 1 е делумно реализиран (12,5%), 1 е во тек (12,5%) и 1 неспроведен (12,5%)

Графички приказ 4: реализирани активности во Општа цел 3




Спроведувањето на овие стратешки документи придонесуваат за  унапредување на родовата еднаквост и унапредување на статусот на жените во земјата во предвидениот период на имплементација во различни области.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ И АКТИВНОСТИ СОГЛАСНО НАПРЕ 2022-2024

Во периодот опфатен со овој извештај постигнати се одредени резултати во остварувањето на родовата еднаквост, согласно Стратегијата и НАПРЕ во овој дел од извештајот дадени се состојбите во одредени области како и преглед на преземени активностите од страна на носителите.

Според Извештајот за работата на Собранието на Република Северна Македонија за 2023, од вкупниот број на пратеници 47 се жени, односно 39.1%.
На локално ниво нема промени бројот на жени градоначалнички односно има само две од вкупниот број градоначалници (81) во државата (локални избори 2021 година на кандидатските листи за градоначалник, само 8,36% се жени, односно од вкупно 299 кандидати, само 25 се жени).

Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2024 година, активно население се 792 779 лица, од кои 58,1 % се мажи и 41,9 % жени, 694 506 се вработени од кои 57,5% мажи и 42,5% жени а 98 273 лица се невработени од кои 62,3 % мажи и 37,7 % жени, вкупно неактивно население 722 527 од кои 39,4 % мажи и 60,6 % жени.

Според Извештајот од Регистарот на вработените во јавниот сектор за 2023 година во јавниот сектор на Република Северна Македонија, активни се 1.371 институции, во кои работен однос имаат засновано 128.879 лица, додека од анализата на структурата на податоци разделени по пол за 110.169 вработени во јавниот сектор, жени се 62.585, односно 56,80%, додека мажи се 47.584 односно 43,19%. Податоците говорат за мал пораст на институции и незначително намалување на вработените во истите.

Согласно Законот за земјоделство и рурален развој во Единствениот регистар на земјоделски стопанства – ЕРЗС во 2024 година регистрирани се вкупно 30,624 женски носители на земјоделско стопанство што претставува 23,6 % од вкупниот број на евидентирани земјоделски стопанства кој претходната година беше 22,6%.

Згрижувањето и воспитанието на децата од предучилишна возраст во 2024 година се остварува во вкупно 79 јавни установи за деца-детски градинки распоредени во 67 општини. Покрај тоа во 23 општини функционираат 44 групи за згрижување на деца во други просторни услови. Во рамките на 13 јавни општински установи за деца има 37 центри за ран детски развој.
Згрижувањето и воспитанието на деца од предучилишна возраст во 2024 година се остварува во 30 приватни установи за деца-детски градинки, во три приватни установи за деца-центри за ран детски развој и шест детски градинки организирани како организациони единици во состав на правни лица и две во рамки на приватни средни училишта.

***Краток преглед на активностите***

***Носител: Министерство за социјална политика, демографија и млади***
*Резултат:*
1.1.1 Унапреден механизам за родова еднаквост на централно ниво
1.1.2 Воспоставен механизам за континуирано градење на капацитетите на јавната администрација во однос на родовата еднаквост на централно и на локално ниво, вклучувајќи ги градоначалниците
1.2.1 Унапредени капацитетите за РОБ на сите нивоа на креирање политики и буџети
2.1.1 Зголемена активација на жените и намалена родова нееднаквост на пазарот на труд, со посебен фокус на жените од маргинализираните заедници
2.1.4. Подобрен квалитетот на работа на жените

2.1.5. Воспоставени мерки за усогласување на професионалниот и на приватниот живот, во согласност со Директивата на ЕУ за баланс на професионалниот и приватниот живот
2.4.1.Жените еднакво учествуваат во сферите на донесување одлуки на највисоките национални нивоа на управување (Заложба 50-50)
2.8.1. Воспоставени и унапредени специфични мерки за ранливи категории жени и лица со различни родови идентитети, со посебно внимание кон интерсекционалност
3.1.1 Усогласена законска регулатива со стандардите воспоставени со Истанбулската конвенција, преку вклучување на сите облици на РБН и сексуално вознемирување
3.1.3. Унапреден институционален одговор за превенција и заштита од РБН

*Краток преглед на активностите спроведени во 2024 година*

Воспоставени специјализирани сервиси за жени жртви на родово базирано насилство и семејно насилство во 8 Плански Региони на територијата на РСМ. Мрежата на специјализирани сервиси е објавена на веб страната на министерството (https://www.mtsp.gov.mk/uslugi-i-prava.nspx)

Изработена Евалуација за Акцискиот план за спроведување на конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство 2018 – 2023 година.

Изработена е Нацрт верзија од Правилникот за формата, содржината и начинот на интегрирано прибирање на статистички и административни податоци за состојбата со родово базирано насилство врз жените и семејно насилство.

Донесена е Програма за реинтеграција на жртви на насилство. Целта на оваа Програма е овозможување на побрза реинтеграција на жените жртви на насилство преку остварување на индивидуалните потреби преку достапните услуги. Во оваа Програма е нотиран сеопфатен сет на услуги засновани на националната легислатива, воспоставени на национално и локално ниво, кои овозможуваат реинтегрирање на жените жртви на насилство.

Изготвена е Евалуација за Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство 2018 – 2023. Овој документ е појдовна основа за изготвување на осумгодишната Националната стратегија за превенција и заштита од насилство врз жените и семејно насилство со Акциски план согласно Методологијата за начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските стратегии, која се планира во 2025 да биде финализирана.

Во текот на 2024 година Министерството за социјална политика, демографија и млади, спроведе вкупно 3 обуки за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство за стручните лица од центрите за социјална работа од кои:

- дводневна со 24 учесници (20 жени, 4 мажи);
- дводневна мултисекторска обука, со 19 учесници (12 жени и 7 мажи)

Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за внатрешни работи и Комисијата за еднакви можности при Општина Кисела Вода го покрена прашањето за превенција од родово базирано насилство и таргетирање на ова прашање преку обука за вработените во основните училишта и детските градинки, на територијата на Општина Кисела Вода. Обуката ја реализираа сертифицирани обучувачи од Министерството за социјална политика, демографија и млади и Министерството за внатрешни работи. Вкупниот број на учесници изнесува 155 од кои 146 жени и 9 мажи. Оваа активност како добра пракса во рамки на 16 дена активизам против насилство врз жените е објавена од страна на Аукциската коалиција за борба против насилство врз жените на УН Women достапна на линк : 16 Impact Stories For 16 Days | UNW Action Coalitions.

Министерството за социјална политика, демографија и млади , Секторот за еднакви можности, како координатор на Национален механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе во текот на 2024 година, продолжи со соработка со Националната комисија за борба против трговија со луѓе, Подгрупата за борба против трговија со деца, Центри за социјална работа, Државниот трудов инспекторат, Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција на Република Северна Македонија за сузбивање на кривични дела поврзани со криумчарење мигранти и трговија со луѓе и Министерството за внатрешни работи/ Единицата за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, Центарот за лица жртви на трговија со луѓе и со здруженијата на граѓани. Во периодот јануари – декември 2024 година, петте мобилни тимови работеле со:

Вкупно 440 корисници (215 мажи и 225 жени) првично контактирани и информирани за достапни услуги, 18 претпоставени жртви на трговија со луѓе и 422 ранливи категории, но без тековен ризик од трговија со луѓе.

Оперативниот тим идентификува 40 жртви на трговија со луѓе од кои 2 деца.

Во однос на родовата поделеност 38 се жени и 2 машки како и во однос на потеклото 2 домашни жртви и 38 се странски жртви.

8 претпоставени жртви, од кои 7 деца. Во однос на родовата поделеност 5 се жени и 3 машки како и во однос на потеклото 7 се домашни и 1 странска претпоставена жртва.

МСПДМ даде поддршка во реализацијата на активностите во рамки на Хоризонтален инструмент на Европската Унија и Совет на Европа за Западен Балкан и Турција "Превенција и борба против трговијата со луѓе во Северна Македонија" и во насока на градење на капацитетите спроведени се:

Мулти-дисциплинарна пилот обука за ТЛ со цел трудова експлоатација 19-21 февруари, Струмица со 30 учесници (трудови инспектори, СВРА-а, Единицата против трговија со луѓе, социјални работници, НВО-а) со симулација на предистрага.

Конференција за ситуацијата со трговија со деца и ризиците со цел подобрена превенција 27 мај, 2024, Скопје со 24 учесници (членови на Подгрупата за борба против трговија со деца, НВО, меѓународни организации).

Физибилити студија за основање на Центар за жртви на ТЛ , https://rm.coe.int/feasibility-study-on-establishing-shelter-for-trafficking-in-human-bei/1680af04e0

Мулти-дисциплинарна обука за најдобар интерес на детето 21 -22 мај, Велес со 37 учесници (СВР-а, Оддел за крвни деликти, Единица за ТЛ, социјални работници, адвокати, НВО-а).

Спроведена е обука за мобилните тимови во со соработка со ГИЗ 12- 15 јуни во Крушево со вкупно 35 учесници, за постапување по Стандардните оперативни процедури.

Во соработка со Мисијата на ОБСЕ 3-4 декември 2024 година се одржана е обука спроведувањето на Стандардните оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе со претставници од Центрите за социјална работа со вкупно 21 учесник од кои 18 жени и 3 мажи. и насочен кон жртвата во форма на институционална рамка на соработка.

***<u>Носител: Министерство за јавна администрација</u>***

*Резултат:*

1.1.1 Унапреден механизам за родова еднаквост на централно ниво

1.1.2 Воспоставен механизам за континуирано градење на капацитетите на јавната администрација во однос на родовата еднаквост на централно и на локално ниво, вклучувајќи ги градоначалниците

1.3.1 Редовно собирање и ажурирање на родово разделени податоци на сите нивоа и кај сите релевантни чинители

3.2.1.Нулта толеранција за сексизам и за сексистички говор на омраза на работните места, во спортот, во медиумите и во пристапот до добра и услуги

Поради измена на ЗОРОДУ и поделбата на обврските на правните наследници на МИОА (2024), во новиот правен субјект Министерство за јавна администрација не е потпишан нов договор за

одржување за ЛМС, но во Министерството за дигитална трансформација е потпишан договор за одржување на ЛМС системот со важност до 2025
Министерството за јавна администрација воспостави (претходно Министерство за информатичко општество и администрација) единствен Регистар на сите вработени во институциите на јавниот сектор. Регистарот на вработените во јавниот сектор е дел од Информациониот систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР). Извештај за податоците од Регистарот на вработените во јавниот сектор се изготвува секоја година и во него систематизирани се прикажани податоците за институциите на јавниот сектор во однос на нивниот број, вид, назив, гранка на власт, дејност и основач, како и податоци за вработените во овие институции, во однос на нивниот број, класификацијата на работните места, полот, возраста, степенот на образование и припадноста на заедница. Основната цел на Информациониот систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР) е да ја унапреди ефикасноста во управувањето со човечките ресурси, а со тоа и квалитетот на работата на институциите во јавниот сектор.

Во таа насока, МИОА за модернизација и одржување на ИСУЧР, во текот на 2024 година предвиде 16.300.000 денари. Од буџетот на МИОА исплатени се 3.188.613 денари и преку МИОА/МДТ се исплатени 1.594.298,00 денари. Дополнително, од буџетот на МЈА во 2024 година беа доплатени обврски во износ од 11.786.356,00 денари. На буџетираните обврски од МИОА/МДТ во буџетот на МЈА, по Ребалансот од 2024 година, буџетирани беа 70,000,000 ден за модернизација и одржување на ИСУЧР а исплатени се вкупно 69,500,000 ден.
Надградбата и одржувањето на Информациониот систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР) обезбедува родово разделена статистика за вработените во јавниот сектор, притоа добиените податоци може да се користат при креирање на политики за родови концепти.
Министерството за јавна администрација продолжува да обезбедува системска поддршка за интегрирање на родовите прашања во политиките и финансиските инструменти во рамките на своите надлежности.

Ресурсниот центар за родово одговорно креирање на политики и буџетирање кој е формиран од страна на Министерството за социјална политика демографија и млади, во рамки на проектот „Промовирање на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија“, имплементиран од UN Women, со финансиска поддршка од Швајцарија и Шведска, обезбедува обуки за унапредување на капацитетите на државните службеници во областа на родовата еднаквост и родово одговорното буџетирање.

Согласно Годишниот план и програма за работа на Ресурсниот центар за родово одговорно креирање на политики и буџетирање за 2024 година, организирани се обуки во областа на родово одговорно буџетирање, недискриминација и спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство. Беа предвидени 15 обуки, од кои во референтниот период спроведени се 12 обуки или 80% од планираните. Вкупно учесници на овие 12 обуки биле 378 лица, од кои 332 се жени и 46 мажи. Во просториите на Ресурсниот центар, според Годишниот план и програма за работа на Ресурсниот центар за креирање на родово одговорни политики и буџетирање за 2024 одржани се 9 од 12-те обуки на кој учествувале 163 лица од кои 143 се жени и 20 мажи. Дополнително во просториите на Ресурсниот центар одржани се уште 9 обуки/работилници на кој учествувале 129 лица од кој 122 жени и 7 мажи. Во просториите на Ресурсниот центар одржани се вкупно 18 обуки, на кој учествувале 292 лица од кои 265 се жени и 27 мажи. Сумирано, според Годишниот план и програма за работа на Ресурсниот центар за креирање на родово одговорни политики и родово одговорно буџетирање за 2024 [1], реализирани се 12 обуки и надвор од планот организирани се уште 9 обуки/работилници или вкупно 21 обука/работилница на кои учествувале вкупно 507 лица, од кои 454 жени и 53 мажи.

[1] https://mtspresursencentar.mk/resource-center

За Ресурсниот центар постои и веб страна https://mtspresursencentar.mk која може да се користи на три јазици: македонски, англиски и албански јазик.

***<u>Носител: Завод за социјални дејности</u>***

*Резултат*:

1.1.2 Воспоставен механизам за континуирано градење на капацитетите на јавната администрација во однос на родовата еднаквост на централно и на локално ниво, вклучувајќи ги и градоначалниците

- Изработка на годишна програма за континуиран професионален развој за центрите за социјална работа, установите за социјална заштита и другите даватели на социјални услуги 2024 година.

Програмата е составена од три дела:

Програма за почетна едукација на стручните работници за 2024 година (составена од 5 задолжителни едукации) – каде што се одржани 15 едукации на стручни работници за стекнување со лиценца. Едукација завршиле 90 стручни лица од кои 77 жени и 13 мажи.

Програма за почетна едукација за стекнување на посебна лиценца за водител на случај за 2024 година (составена од 3 задолжителни едукации) – одржани се 2 едукации ( кои содржат пакет од 3 обуки) согласно Програмата, на обуките учествуваа вкупно 24 учесници, од кои 23 се жени и 1 маж.

Програма за континуирана професионална едукација за 2024 година, која е оставена од 9 области во вкупно 26 едукации и се одвива преку електронска платформа за учење на далечина на ЈУ Завод за социјални дејности Скопје - во текот на 2024 година, според програмата за Континуирана професионална едукација за 2024 година испорачани се вкупно 58 едукации на вкупно 2940 учесници од кои 2385 се од женки пол и 555 се од машки пол.

***<u>Носител: Државен завод за статистика</u>***

*Резултат*:

2.1.2. Родовиот јаз во платите е намален преку соодветни мерки

3.1.2. Достапни родово разделени податоци за сите форми на РБН
[2]

***<u>Носител: Агенција за катастар на недвижности</u>***

Резултат: 2.2 .1 Подобрена положбата на жените во руралните средини во однос на управување со земјоделски имот и земјиште

- Изготвен е Предлог на законско решение во кое се вградени законски одредби со кои се очекува да придонесат кон зголемување на сопственички права на жените на недвижен имот.
- Предлог законското решение кое е во рамките на Предлог Закон за премер, катастар на недвижности и регистри, е доставен до Министерство за правда во април 2023 година во нивна понатамошна надлежност.

***<u>Носител: Министерство за образование и наука</u>***

***Резултат:***

2.2.4. Млади мотивирани да се занимаваат со земјоделство преку стимулативни мерки и поддршка.

[2] https://www.stat.gov.mk/InfoGraphic/2024/Rodovo_bazirano_nasilstvo.pdf

2.6.1. Зголемена вклученост и спречување на предвремено напуштање на образовниот процес од страна на девојчињата од маргинализираните заедници
2.6.2. (До)оформување на основното образование за возрасни жени Ромки и поддршка преку учество во обуки според верификувани програми за здобивање со квалификации, со цел зголемен пристап до пазарот на труд.
2.6.3. Промовиран принцип за родова еднаквост во научноистражувачка дејност.

*<u>Краток преглед на активностите спроведени во 2024 година</u>*

- Во рамки на учебната 2024/2025 година, Министерството за образование и наука објави конкурс за доделување на 240 стипендии за ученици од средно образование, кои реализираат наставни програми на следните струки: угостителско-туристичка; електро-техничка; градежно-геодетска; земјоделско-ветеринарска; машинска и текстилно-кожарска. Од вкупните 240 стипендии, 150 стипендии се наменети за земјоделско-ветеринарската струка, и согласно резултатите доделени се вкупно 96 стипендии од кои 39 доделени се на ученички(женски).

- За Конкурсот за доделување на стипендии за 30 студенти од земјоделските, ветеринарските и шумарските науки, по селекцијата вкупно 18 стипендии се доделени на студентки.

- Со цел зголемена вклученост и спречување на предвремено напуштање на образовниот систем од страна на девојчињата од маргинилизираните заедници, МОН го зголеми бројот на ангажираните ромски образовни медијатори од 40 на 50. Истотака е зголемен и бројот на општинит во кои делуваат медијаторите од 26 на 30.

- МОН при објава на Конкурси за ученички и студенски стипендии, предвидува дополнителен критериум со случај доколку од вкупниот број н пристигнати апликации постои родов јаз, односно од вкпуно пријавените кандидати бројот на женски кандидати е помал од 40%, во финалното бодување на женските кандидатки кои исполнуваат услови им се додава дополнителен бод.

- За мерката дооформување на основното образование на возрасни жени Ромки останна нереализиран за 2024 година, за истата за 2025 година се планира да се обезбедаат средства од 1.200.00 мкд.

- За промоција на принципот на родова еднаквост во научно-истражувачката дејност, МОН за академската 2024/2025 го сголеми бројот на стипендии за студенти Роми од 135 на 150. Согласно резултатите од конкурсите доделени се вкупно 127 стипендии, од кои 79 ситпендии или 62% се доделени на студентки Ромки.

**Носител: *<u>Биро за развој на образование</u>***
*Резултат:*
2.6.5. Воведено сеопфатно сексуално образование во основното образование.

Од учебната 2021/2022 година се воведува пилот-проект со кој предметот Сеопфатно сексуално образование е воведен во деветто одделение, во три училишта: ОУ „Јан Амос Коменски“ – Карпош, ОУ „Кузман Шапкарев“ – Кисела Вода и ОУ „Братство – Миѓени“ во Тетово. За да можат наставниците (вкупно 14) да го предаваат овој предмет, односно да ја реализираат наставната програма од 36 училишни часа, спроведени се обуки за стекнување знаења и вештини за сите теми поврзани со сеопфатно сексуално образование, во согласност со последните препораки на УНЕСКО за возраст од 12 до 15 години, односно род и пол, сексуално и репродуктивно здравје и ХИВ, сексуалност, насилство, граѓански аспекти и дискриминација, тело и слика за телото и врски и односи.

Реализирано е истражување на тема “Промена на ставовите на наставниците кон воведување на Сеопфатно сексуално образование ) 2020-2022“ со цел да се обезбеди увид во перцепција и ставот на родителите и наставниците во воведување на наставни содржини, односно изборен предмет во основното образование, засновано во моделот на ССО. Резултатите од оваа истражување јасно покажаа дека наставниците имаат високо изразен и афирмативен став кон потребата од сексуално образование.

Во 2024 година согласно насоките од спроведената евалуација на пилот фазата од воведувањето на ССО како слободен изборен предмет со ученици од деветто одделение во основно образование како и наведеното истражување БРО во соработка со граѓански организации продолжи со активности за информирање на училиштата со програмата за Сеопфатно сексуално образование. Реализирани се информативни состаноци со наставници, директори на училишта и одговорни за образование во рамки на неколку општини и тоа: општина Центар- Скопје, општина Кавадарци и општина Гостивар. Исто така реализирана е обука со наставници потенцијални реализатори на програмата како воннаставни активности во вид на Проект. Дополнително реализирана е обука со наставници од основни училишта од општина Тетово за реализација на програмата со ученици од деветто одделение. Во наредниот период ќе се реализираат активности за следење на спроведувањето на програмата како проект во училиштата каде што се формирани групи на ученици за следење на програмата како слободен изборен предмет, но како проект во рамки н воннаставните активности.

***<u>Носител: Министерство за правда</u>***

*Резултат*:

2.9.1. Законите, мерките и политиките овозможуваат еднаков пристап до правда за жените од ранливите категории

3.1.1 Усогласена законска регулатива со стандардите воспоставени со Истанбулската конвенција, преку вклучување на сите облици на РБН и сексуално вознемирување

*<u>Краток преглед на активностите спроведени во 2024 година</u>*

Дистрибуција на информативни брошури: Дистрибуирани се 500 информативни брошури за време на промоциите за бесплатна правна помош во Кавадарци, Неготино и Штип, организирани со поддршка од Канцеларијата на Совет на Европа во Скопје и во соработка со Министерство за правда. Доплнително, информативни материјали беа дистрибуирани и на настанот по повод одбележување на Меѓународниот дена на човековите права и Европскиот дена на правдата.

Одржана е петдневна обука за обучувачи во јануари/февруари 2024 година со вклучени посебни сесии за правда за деца, семејно и родово базирано насилство и постапување во предмети со азил и трговија со луѓе. Вкупно 35 адвокати беа обучени како обучувачи на тема: “Обезбедување бесплатна правна помош во Северна Македонија која се одржи од 22 до 26 јануари 2024 година како и дополнителната обука од 16 до 19 февруари во просториите на Образовниот центар на Адвокатската комора.“

Каскадни обуки за адвокати за бесплатна правна помош – одржани 3 каскадни обуки и беа обучени 33 адвокати. Првата обука се одржа на 3 јули 2024 година со 13 обучени адвокати; втората на 5 декември 2024 година, со 10 обучени и Третата каскадна обука се одржа на 6 декембри 2024 година со 10 обучени адвокати. Дополнително, се одржа обука за бесплатна правна помош и компензација на жртви на трговија со луѓе на 7 ноември 2024 во Скопје со 17 обучени адвокати.

Обука за обучувачи за бесплатна правна помош (со дополнително посебни сесии за правда за деца, семејно и родово базирано насилство и поставување во предмети со трговија со луѓе)

наменета за овластените правни клиники и овластените здруженија на граѓани на жените од ранливите категории одржана од 15 до 19 април 2024 година во просториите на Правната клиника во Штип каде што беа обучени 18 преставници од правни клиники и Здруженија на граѓани регистрирани за БПП.

Каскадната обука за БПП наменети за студенти од правните клники и преставници од овластените здруженија на граѓани се одржи на 16 декември 2024 година во Правниот факултет во Штип и беа обучени 20 студенти.

Посебни сесии за семејно и родово базирано насилство – одржана во рамките на 14-тиот сотанок на Националното координативно тело на 20 март 2024 година, обучни беа 65 членови на НКТ.

Во текот на 2024 година има 2670 поднесени барања на примарна правна помош од кои мажи се 1466 и 1204 се жени и сите се одобрени. Додека за секундарна правна помош поднесени се 230 барања од кои 158 мажи и 72 жени, каде што има одобрена правна помош за 174 лица и одбиени 56 лица.

***<u>Носител: Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги</u>***

*Резултат:*

2.4.4. Зголемено учество на жените на позиции на донесување одлуки во медиумите (АВМУ)

3.2.1.Нулта толеранција за сексизам и за сексистички говор на омраза на работните места, во спортот, во медиумите и во пристапот до добра и услуги

3.2.5.Медиуми што не промовираат стереотипи и стереотипни улоги, туку родова еднаквост и различности

*<u>Краток преглед на активностите спроведени во 2024 година</u>*

За реализација на активностите средствата беа обезбедени пред сѐ од внатрешни ресурси, како дел од редовните активности на АВМУ и од веќе постоечките јавни набавки. Заради тоа, не може да се прикаже колку вкупно потрошила АВМУ во 2024 година за родови активности, но оваа сума изнесува најмалку 535 323 денари.

-Објавени податоци за сопственоста кај ТВ и РА во земјата за 2024 година – заедно со родово разделени податоци по пол (достапни на: avmu.mk/wp-content/uploads/2024/06/Сопственоста-на-медиумите-во-2024-година.pdf)

Објавени податоци за структурата на вработените во ТВ и РА за 2023 година – заедно со родово разделени податоци по пол (достапни на: avmu.mk/wp-content/uploads/2024/09/Структура-на-вработените-во-аудио-и-аудиовизуелната-медиумска-индустрија-во-2023-година.pdf)

Изработена, објавена и отпечатена анализата за родот во медиумите за 2023 година „Истражување за начинот на известување на родово заснованото насилство на националните телевизии“ – придружена со препораки. Анализата беше презентирана на прввиот Јавен состанок на АВМУ за 2024 година, одржан на 28 март. За нејзината изработка, на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј “, од буџетот на АВМУ, му беа исплатени 459.900 денари. За печатењето беа исплатени 74.823 денари. За ЦИП записот беа исплатени 600 денари.

Изработена, објавена и јавно презентирана споредбената анализа „Родова структура во ТВ и РА: Споредбена анализа на сопственоста (2020-2023) и на вработените (2019-2022)“

Јавното презентирање беше на третиот јавен состанок на АВМУ за 2024 година, одржан на 27 септември.

Печатењето на оваа анализа (во 70 примероци) е во тек.

Редовно објавување на сите релевантни документи, ресурси и настани на веб страницата rodotimediumite.mk кој служи како ресурсен центар  за медиумите и граѓаните/ките, каде што можат да најдат ресурси, информации, линкови за различни аспекти на родовите прашања, вклучувајќи го и родово заснованото насилство. Оваа веб страница е создадена и се одржува од средства од буџетот на АВМУ.

Вработени во АВМУ учествуваа на состаноци и работилници организирани од Секторот за еднакви можности при МСПДМ околу подготовката на Родово буџетскиот извештај за 2024 година, но и за  предизвиците при вклучување на родовата перспектива во програмите и буџетите.

На 4 декември 2024 беше одржана работилница за унапредување на известувањето за родово засновано насилство во медиумите – наменета за медиумските работници/чки од локалните радија и телевизии, во организација на АВМУ и Програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје, а во рамки на проектот „Заштита на слободата на изразување и слободата на медиумите во Северна Македонија (ПРО-ФРЕКС).

-Родовата анализа на уредувачките политики, како и на ставовите на уредниците, новинарите и гостите во националните телевизии, беше реализирана преку „Истражување за начинот на известување на родово заснованото насилство на националните телевизии“.

Во анализираниот период (првите десет дена од месеците јануари, февруари и март 2023 година) на националните ТВ беа идентификувани 22 прилози кои се однесуваа на конкретни настани на родово засновано насилство (РЗН), како и 11 прилози во вестите и 4 прилози во информативните емисии кои ја обработуваа темата на РЗН. Како автор(к)и на прилозите кои обработуваа конкретни настани на РЗН се јавија 5 мажи и 17 жени, а како извори на информации – 6 мажи и 16 жени. Прилозите пак, во кои се обработуваше темата РЗН во вестите, беа во авторство на 3 новинари и 8 новинарки, додека како извори на информации се јавуваа 4 мажи и 16 жени. Гласот на активистките (сите жени) кои се борат против различните видови на РЗН беше присутен во сите од анализираните 11 прилози. Во прилозите кои ја обработуваа темата РЗН во информативните емисии, се јавија 1 водител и 3 водителки, додека како соговорници/чки имаше 1 маж и 9 жени.  Анализираните прилози најчесто беа емитувани околу меѓународниот ден на жената – 8 Март и ги третираа темите како семејно насилство, фемицид, еден вид на економско насилство врз жените во јавната општествена сфера (кршењето на работничките права на жените во текстилната индустрија), статистички податоци, информации, истражувања и анализи за РЗН како и излагања на експерт(к)и и надлежни институции. Само во еден прилог се споменуваше прецизно терминот „родово засновано насилство“.

Во тек е изработка на анализата за родот во медиумите за 2024 година која ги опфаќа медиумските содржини што се емитуваат на националните телевизии веднаш по централните дневници (т.н. ударно време) – со цел да се анализира она што медиумите го емитуваат во периодите од денот кога е најголема гледаноста. За целите на оваа анализа беше распишана јавна набавка, обезбедени беа медиумските содржини кои се предмет на анализата, изработени беа прашалници за анализа како и пилот анализа. Во моментов, во тек е изработката на нацрт – извештајот од анализата.

***<u>Носител: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство</u>***

*Резултат*:

2.1.1. Зголемена активација на жените и намалена родова нееднаквост на пазарот на труд, со посебен фокус на жените од маргинализираните заедници

2.2.1. Подобрена положбата на жените во руралните средини во однос на управување со земјоделски имот и земјиште

*Краток преглед на активностите спроведени во 2024 година*

Во Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2024 година со планиран буџет од вкупно 759 257 694 денари предвидени се следните мерки:
Мерка 115 "Поддршка за активен женски член во земјоделското домаќинство". Оваа мерка е исклучиво наменета за жени земјоделки со максимален износ на поддршка од 360 000 денари по корисничка. Планираните средства за ова мерка изнесуваат 4 100 000 денари
Мерка 112 "Помош за млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност" со вкупен буџет од 12 241 000 денари. Максималниот износ на помош по млад земјоделец изнесува 600 000 денари.

Мерка 113 "Поддршка за поттикнување на земјоделско производство" со вкупен буџет од 2 300 000 денари. Максималниот износ на помош на млад земјоделец изнесува 1 200 000 денари.
Во програмата за поддршка на социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност за 2024 година во вкупен износ од 6 000 000 денари, предвидена е поддршка и за млади мајки кои се вршителки на земјоделска дејност, за породилно отсуство во времетраење од 9 месеци(по родено дете) во вкупен износ од 100 000 денари , што претставува зголемување за околу 24% или за 19 000 денари повеќе во однос на минатата година.

***Носител: Министерство за култура и туризам***

*Резултат:*

2.11.1.Зголемено учество на жени во проекти на полето на културата
2.11.2.Родовите прашања се повидливи во културните настани и во издаваштвото на полето на културата
2.11.3. Промовирани авторки во македонска книжевност и преведени дела од странски автор(к)и

*Краток преглед на активностите спроведени во 2024 година*

Министерството за култура и туризам со електронската апликација, каде аплицираа кандидатите по дејности кои се финансираат со Годишните конкурси за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2024 година, овозможи создавање база на податоци каде постои точна бројка на жени/мажи подносители на проектите.
Со оваа новина, е создадена соодветна база на родово сензитивни податоци од чија што анализа точно ќе се утврди родовата статистика за учество на одреден пол/род на одобрените проекти, што повлекува понатамошно утврдување на нови и соодветни мерки или активности за стимулирање учество на помалку застапениот пол/род, како и за стимулирање на проекти со вклучување на родовите теми и прашања.
На Годишниот конкурс за проекти од национален интерес за 2024 година, на оваа Програма се пријавија вкупно 1090 апликанти од кои, 116 физички лица чии носители на проекти се жени и 164 проекти на кои носители се мажи, а 303 пријави/апликации на правни субјекти чии носители се жени и 507 пријави/ апликации на кои носители се мажи.

***Носител: Министерство за внатрешни работи***

*Резултат:*

3.1.3. Унапреден институционален одговор за превенција и заштита од РБН, особено на полицијата и правосудството.

*Краток преглед на активностите спроведени во 2024 година*

Спроведени се стручни усовршувања од областа трговија со луѓе и криумчарење мигранти со вкупно 141 учесници.
Спроведени се и 11 едукативни активности од областа на превенција од родово базирано насилство и родова застапеност во МВР, со кои обучени се 60 полициски службеници, од кои 40 мажи и 21 жени.

## 3. ПРЕДИЗВИЦИ И РИЗИЦИ ВО ТЕКОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН НА СТРАТЕГИЈАТА СО ПРЕПОРАКИ

Во текот на 2024 година може да се констатира дека висок е процентот на реализација на активностите односно од 73% од планираните активности се реализирани, што особено влијае на севкупното спроведувањето на Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 и НАПРЕ 2022-2024 за која е подготвена среднорочна Проценка за тригодишниот напредок и влијанието на Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027, од страна на независен консултант поддржан од UN Woman.

Продолжува главниот предизвик во однос на собирањето на податоците поради непостоење на унифициран систем за собирање на податоци или развиена електронска алатка согласно индикаторите за следење на Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027.

Ризиците од дисконтинуитет на активностите, неконзистентност во прибирање на родово разделени статистички податоци, влијаат на успешното спроведување на Стратегијата за што е потребна поголема меѓу институционална координација.

Предизвик е подготовка на нов Национален акциски план за 2025-2027 со фискални импликации и мерливи индикатори, доследна изработка на Годишни оперативни планови за негова операционализација од страна на сите надлежни и нивно објавување на веб страниците.

Аналогно на идентификуваните предизвици и ризици препораки за нареден период се:

- Обезбедување на континуирана меѓу-институционална координација во спроведувањето на Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027
- Донесување на Национален акциски план за 2025-2027 со соодветни финансиски средства и транспарентно објавени Годишни оперативни планови.
- Следење на буџетската потрошувачка преку родово одговорно буџетирање.
- Спроведување јавни кампањи за подигнување на свеста, вклучување на медиумите и влијателни личности во промоција на родова еднаквост.
- Континуирано јакнење на капацитетите на јавната администрација за родова еднаквост.
- Подобрување на системот за собирање родово раздвоени податоци.
- Развивање на електронска алатка согласно индикаторите за следење на Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 како и на состојбата со напредокот на жените и мажите.

## 4. АНЕКС

### Табеларен преглед на реализирани активност

**Општа цел 1: Воспоставување на ефективен и ефикасен систем за унапредување на родовата еднаквост на централно и локално ниво**

| Општа цел 1: Воспоставување на ефективен и ефикасен систем за унапредување на родовата еднаквост на централно и локално ниво | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Специфична цел 1.1: **Унапредување на родовите механизми на централно и на локално ниво, во согласност со законската рамка за унапредување на родовата еднаквост** | | | | | | | | |
| Резултат | Индикатори | | Активности | Носител | Спроведени активности | Делумно спроведени активности | Во тек | Неспроведени активности |
| | Индикатор на ниво на резултат | Индикатор на ниво на активност | | | | | | |
| 1.1.1. Унапреден механизам за родова еднаквост на централно ниво | Воспоставено посебно тело за родова еднаквост на ниво на Влада, со конкретни цели и задачи | Функционално одделение за обуки за родова еднаквост на централно ниво | Воспоставување на одделение и пополнување на капацитети на одделението | МСПДМ | X | | | |
| | | | Утврдување на план и програма за обуки<br><br>Спроведување на планот и програмата | МСПДМ | X | | | |
| 1.1.2. Воспоставен механизам за континуирано градење на капацитетите на јавната администрација во однос на родовата еднаквост на централно и на локално ниво, вклучувајќи ги градоначалниците | Развиени и стандардизирани модули за обука | Воспоставени план и програма за обуки за Ресурсниот центар за обуки | Изработка на годишен план и програма за обуки за Ресурсниот центар за обуки за 2023 и 2024 | МСПДМ | X | | | |
| | | | Изработка на годишен план и програма за континуиран професионален развој за центрите за социјална работа за 2023и 2024 | ЗСД | X | | | |
| | Број на обучени лица од јавна администрација, по ниво, по пол | Воведен механизам за прибирање на родово разделена статистика за број на обучени лица на централно и на локално ниво | Прибирање на родово разделени статистички податоци за лица кои ја поминале обуката за ЕЛМС за 2023 и 2024 | МЈА | X | | | |
| | | | Прибирање на родово разделени статистички податоци за лица кои поминале обуки согласно планот и програмата за обуки на Ресурсниот центар за обуки за 2023 и 2023 | МСПДМ | X | | | |
| | | | | | | | | |

| Општа цел 1: Воспоставување на ефективен и ефикасен систем за унапредување на родовата еднаквост на централно и локално ниво | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Специфична цел 1.2: **Воспоставување функционален систем за вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките, на програмите и на буџетските процеси на централно и на локално ниво** | | | | | | | | |
| Резултат | Индикатори | | Активности | Носител | Спроведени | Делумно спрове | Во тек | Неспроведени активности |
| | Индикатор на ниво на резултат | Индикатор на ниво на активност | | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | активно сти | дени активно сти | | |
| 1.2.1. Унапредени капацитетите за РОБ на сите нивоа на креирање политики и буџети | Воспоставен Ресурсен центар и Центар за обуки за родово одговорно креирање на политики и буџетирање | Покриено со активностите од точка 1.1.2. | | | | | | |
| | Воспоставен систем за обуки за РОБ за чинители на сите нивоа | Воспоставен систем за обуки за РОБ за чинители на сите нивоа | Спроведување на обуки за РОБ за чинители на централно и на локално ниво<br><br>Спроведување на обука за родово одговорни буџетски иницијативи | МСПД М, | x | | | |
| | Обучени лица за РОБ во јавна администрација, на локално и на централно ниво, по пол, по година | | | | | | | |

| Општа цел 1: Воспоставување на ефективен и ефикасен систем за унапредување на родовата еднаквост на централно и локално ниво | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Специфична цел 1.3: **Воспоставување ефикасен систем за следење на состојбата со родовата еднаквост, во согласност со релевантните меѓународни обврски и препораки** | | | | | | | | |
| Резултат | Индикатори | | Активности | Носител | Спроведени активности | Делумно спроведени активности | Во тек | Неспроведени активности |
| | Индикатор на ниво на резултат | Индикатор на ниво на активности | | | | | | |
| 1.3.1. Редовно собирање и ажурирање на родово разделени податоци на сите нивоа и кај сите релевантни чинители | База на податоци на централно ниво, со родово разделени податоци, јавно и лесно достапна | ХРМИСОТ содржи опција за прибирање и обработка на родово разделени податоци | Надградба на ХРМИСОТ за да обезбеди родово разделени податоци | МЈА | x | | | |

**Општа цел 2: Подобрување на положбата на жените во сите сфери на јавниот и приватниот живот**

| Општа цел 2: Подобрување на положбата на жените во сите сфери на јавниот и приватниот живот | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Специфична цел 2.1: **Намалување на родовиот јаз во економското учество на жените и на пазарот на труд, со интерсекциски пристап** | | | | | | | | |
| Резултат | Индикатори | | Активности | Носител | Спроведени активности | Делумно спроведени активности | Во тек | Неспроведени активности |
| | Индикатор на ниво на резултат | Индикатор на ниво на активности | | | | | | |
| 2.1.1. Зголемена активација на жените и намалена родова нееднаквост на пазарот на труд, со посебен фокус на жените од маргинализираните заедници | Процент на активно население (15+), по пол | Зголемување на бројот на земјоделки носителки на земјоделско стопанство за 20% | Спроведување на терenски активности (јавни дебати, информативни средби) за запознавање на жените од рурални средини за можности за вработување и стимулирање на здружувањето на жените од руралните средини во задруги | МЗШВ | | | | x |
| | Стапка на вработеност (население 15+), по пол | | | | | | | |
| | Број на невработени жени евидентирани во АВРСМ | | | | | | | |
| | Опфат (%) на искористеност на мерки за вработување, по пол, по степен на образование | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1.2. Родовиот јаз во платите е намален преку соодветни мерки | Процент на родов јаз во платите (неприспособен) | Утврден индикатор за структура на заработувачка | Спроведување на Анкетата за структура на заработувачката, која има четиригодишна периодика. Анкетата ќе се спроведе во 2023 година, со што ќе се обезбеди индикаторот за 2022 година. | ДЗС | | | x | |
| 2.1.5. Воспоставени мерки за усогласување на професионалниот и на приватниот живот, во согласност со Директивата на ЕУ за баланс на професионалниот и приватниот живот | Времетраење на работниот век, по пол<br><br>Вработени (15+) со флексибилност во работното време, по пол, по возраст<br><br>Застапеност на сервиси за грижа за деца и стари лица, по општини<br><br>Деца (%) згрижени во формални сервиси за грижа<br><br>Време (%) поминато во активности во домаќинството, по пол<br><br>Воспоставено непреносливо родтиелско отсуство за мажите<br><br>Родов јаз во вработеност кај родители на деца помали од 6 години<br><br>Жени и мажи (%) што не бараат работа поради грижа за семејството | | | | | | | |
| | | Зголемен број на сервиси за деца и стари лица во рурални средини, по општини | Донесена Програма за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2023 година; | МСПДМ | x | | | |
| | | | Изградба на градинка во општина Тетово | МСПДМ | x | | | |
| | | | Изградба на градинка во општина Теарце | МСПДМ | x | | | |

| Општа цел 2: Подобрување на положбата на жените во сите сфери на јавниот и приватниот живот | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Специфична цел 2.2: **Унапредување на положбата на жените во земјоделството преку посебни мерки и политики насочени кон афирмација и соодветно вреднување на нивната работа** | | | | | | | | |
| Резултат | Индикатори | | Активности | Носи тел | Спрове дени активно сти | Делумно спроведе ни активност и | Во тек | Неспроведе ни активности |
| | Индикатор на ниво на резултат | Индикатор на ниво на активности | | | | | | |
| 2.2.1. Подобрена положбата на жените во руралните средини во однос на управување со | Жени (%) носителки на стопанства од вкупен број | Зголемување на жени сопственички на земјиште за 20% | 10 Кампањи за сузбивање на родови стереотипи во рурални средини. | МЗШ В | | | | x |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| земјоделски имот и земјиште | Жени (%) од рурални средини сопственички на имот<br><br>Број на жени што самостојно вршат земјоделска дејност<br><br>Број на спроведени кампањи за подигнување на свесноста за правото на имот и наследување | | | | | | | |
| | | Изготвени предлог законски одредби за зголемување на бројот на жени сопственици на недвижен имот во кодификацијата на граѓанскиот законик | Иницирање на предлог-законски одредби за зголемување на бројот на жени сопственици на недвижен имот во кодификацијата на граѓанскиот законик | АКН | | | **x** | |
| 2.2.4. Млади мотивирани да се занимаваат со земјоделство преку стимулативни мерки и поддршка | Носители на земјоделски стопанства, по возраст, по пол<br><br>Млади (%) во однос на стари носители на стопанства, по пол<br><br>Број на стимулативни мерки насочени кон младите во земјоделството | Зголемен број на стимулативни мерки насочени кон младите во земјоделството | Доделување на стипендии на ученици од земјоделско ветеринарна струка | МОН | X<br><br>4.725.000 МКД | | | |
| | | | Доделување на стипендии за студенти запишани на ветеринарна и земјоделска струка. | МОН | X<br><br>1.633.500 МКД | | | |

| Општа цел 2: Подобрување на положбата на жените во сите сфери на јавниот и приватниот живот | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Специфична цел 2.4: **Еднакво учество на жените во донесување одлуки на сите нивоа во политичкиот и во јавниот живот** | | | | | | | | |
| Резултат | Индикатори | | Активности | Одговорна институција | Спроведени активности | Делумно спроведени активности | Во тек | Неспроведени активности |
| | Индикатор на ниво на резултат | Индикатор на ниво на активности | | | | | | |
| 2.4.1.Жените еднакво учествуваат во сферите на донесување одлуки на највисоките национални нивоа на управување (Заложба 50-50) | Застапеност на жени во Собранието на Република Северна Македонија<br><br>Застапеност на жени во Владата на Република Северна Македонија | Доставен предлог за Изборен законик за процентуална застапеност на жени | Иницијатива за измени на изборно законодавство за постоечки квоти<br><br>Доставување на предлози за зајакнување на позицијата на жените | МСПДМ | | | | X |
| 2.4.4. Зголемено учество на жените на позиции на донесување одлуки во медиумите | Сопственици на ТВ и радиостаници, по пол, по сопственишто<br><br>Уредници и директори на медиуми, по пол<br><br>Вработени новинари, по пол | Објавени годишни тематски анализи за 2022 и 2023<br><br>Објавени и доставени родово разделени статистички податоци во ДЗС за 2021 и 2022 | Изработка на студии, анализи поврзани со претставување на родот и родовите прашања на ТВ и Радио<br><br>Обезбедување родово разделени статистички податоци за сопственичка структура и структура на вработените на ТВ и Радио<br>Објавување на одлуки по претставки на граѓани | АВМУ | X<br><br>X | | X | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Јавно презентирање на резултатите | | X | | | |

| Општа цел 2: Подобрување на положбата на жените во сите сфери на јавниот и приватниот живот | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Специфична цел 2.6: **Родово сензитивни образование и наука** | | | | | | | | |
| Резултат | Индикатори | | Активности | Носител | Спроведени активности | Делумно спроведени активности | Во тек | Неспроведени активности |
| | Индикатор на ниво на резултат | Индикатор на ниво на активности | | | | | | |
| 2.6.1. Зголемена вклученост и спречување на предвремено напуштање на образовниот процес од страна на девојчињата од маргинализираните заедници | Лица што напуштиле образование, по пол, по етничка припадност<br><br>Број на живородени деца од мајки под 15 години, по општини<br><br>Број на живородени деца од мајки на возраст од 15 до 19 години, по општини<br><br>Број на малолетнички бракови склучени на возраст од 16 до 18 години | Намален број на девојчиња кои предвреме го напуштиле образовниот процес | Креирање на мерки за поттикнување на девојчиња и на нивните родители за завршување на основно училиште<br><br>Креирање на мерки за зајакнување на училиштата и училишните служби за препознавање и постапување во случај на можност за предвремено напуштање на образование | МОН | X | | | |
| | | | Креирање на мерки за поттикнување на девојчиња и на нивните родители за завршување на средно училиште | МОН | X<br><br>9.000.000 МКД | | | |
| 2.6.2. (До)оформување на основното образование за возрасни жени Ромки и поддршка преку учество во обуки според верификувани програми за здобивање со квалификации, со цел зголемен пристап до пазарот на труд | Број на возрасни жени Ромки што завршиле основно образование<br><br>Број на жени Ромки вклучени во обуки според верификувани програми за здобивање квалификации | Финансиска поддршка на образование на возрасни Роми кои немаат комплетирано основно или средно образование | | МОН | | | | X |
| 2.6.3. Промовиран принцип за родова еднаквост во научноистражувачка дејност | Дипломирани студенти, по пол, по струка<br><br>Доктори на науки, по пол, по струка<br><br>Професори во високо образование, по пол, по сениорност<br><br>Објавени научни трудови, по пол<br><br>Носители на проекти, по пол | Обезбедување на финансиска поддршка за стипендирање на студентки Ромки | Доделување стипендии за студенти Роми. | МОН | X<br><br>8.500.000 МКД | | | |
| 2.6.5. Воведено сеопфатно сексуално образование во основното образование | Опфат на ССО, по број на училишта, по општини<br><br>Број на обучени наставници за ССО, по пол, по општини | Сеопфатното сексуално образование се воведува како изборен предмет за учениците од 9.одделение во основното образование. | Евалуација на пилот програмата за сеопфатно сексуално образование (ССО)<br><br>Подготовка на Национална Стратегија за ССО 2022-2030 | БРО | X | X | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Обуки за наставници и стручни работници за спроведување на изборен предмет за ССО во 9 одделение<br><br>Кампањи за зголемување на свеста за придобивките од ССО | | X<br><br>X | | | |

| Општа цел 2: Подобрување на положбата на жените во сите сфери на јавниот и приватниот живот | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Специфична цел 2.8: **Подобрување на пристапот до социјалните услуги и промоција на родовата перспектива за социјална сигурност** | | | | | | | | |
| Резултат | Индикатори | | Активности | Носител | Спроведени активности | Делумно спроведени активности | Во тек | Неспроведени активности |
| | Индикатор на ниво на резултат | Индикатор на ниво на активности | | | | | | |
| 2.8.1. Воспоставени и унапредени специфични мерки за ранливи категории жени и лица со различни родови идентитети, со посебно внимание кон интерсекционалност | Број на мерки за социјална заштита насочени кон жени, по категорија на ранливост<br><br>Опфат (%) на жени со мерки насочени кон ранливи категории | 10 % Зголемен број на сервиси за жртви на РБН и СН | Воспоставување на сервиси за жртви на РБН и СН во планските региони согласно стандардите на ИК | МСПДМ | X | | | |

| Општа цел 2: Подобрување на положбата на жените во сите сфери на јавниот и приватниот живот | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Специфична цел 2.9: **Еднаков пристап до правда за сите жени и мажи** | | | | | | | | |
| Резултат | Индикатори | | Активности | Носител | Спроведени активности | Делумно спроведени активности | Во тек | Неспроведени активности |
| | Индикатор на ниво на резултат | Индикатор на ниво на активности | | | | | | |
| 2.9.1. Законите, мерките и политиките овозможуваат еднаков пристап до правда за жените од ранливите категории | Опфат (%) на лица што искористиле БПП, по пол, по родов идентитет, врз основа на барање | Креирани и доставени адаптирани информативни материјали за бесплатна правна помош на локално и централно ниво<br><br>Давателите на БПП се обучени за препознавање на различните потреби и состојби на жените од ранливи категории | Подготовка, објавување и дистрибуција на информативни брошури<br><br>Спроведување на обуки за давателите на БПП за препознавање и овозможување на пристап до бесплатна правна помош | МП | X<br><br>X | | | |

| Општа цел 2: Подобрување на положбата на жените во сите сфери на јавниот и приватниот живот | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Специфична цел 2.11: **Унапредување на родовата еднаквост во културата** | | | | | | | | |
| Резултат | Индикатори | | Активности | Носител | Спроведени активности | Делумно спроведени активности | Во тек | Неспроведени активности |
| | Индикатор на ниво на резултат | Индикатор на ниво на активности | | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.11.1.Зголемено учество на жени во проекти на полето на културата | Посебна издвоена ставка за финансирање проекти чии носители се жени<br><br>Носители на проекти финансирани од Министерството за култура, по пол, по тематика | Најмалку 20% од пријавените се жени | Објавување на годишни конкурси (согласно чл. 64 од Законот за културата) поврзани на теми кои третираат родово сензитивна проблематика во културата | МКТ | X | | | |
| 2.11.2.Родовите прашања се повидливи во културните настани и во издаваштвото на полето на културата | Посебна ставка за финансирање дела/проекти што се занимаваат со родови прашања<br><br>Број на изработени и објавени истражувања и анализи за родот и родовите политики во културата<br><br>Број на организирани настани во јавни установи финансирани од страна на Министерството за култура што се фокусираат на родот и родовите идентитети. | Изработени и објавени истражувања и анализи за родот и родовите политики во културата | Изготвување на Анализа за користење на просторот на национални и локални институции од областа на културата за проекти и активности фокусирани на род и родови идентитети | МКТ | | | | x |
| 2.11.3. Промовирани авторки во македонска книжевност и преведени дела од странски автор(к)и | Автори на издадени книги со финансиска поддршка од страна на МК, по пол<br><br>Преведувачи на издадени книги со финансиска поддршка од страна на МК, по пол | Воведување на родово разделена статистика за автори на книги издадени со финансиска поддршка на МК.<br><br>Воведување на родово разделена статистика за преведувачи на книги издадени со финансиска поддршка на МК | Креирање на родово поделена база на податоци за лица што аплицирале и добиле финансиска поддршка од МК<br><br>Објавување на родово поделена статистика во резултатите од конкурсите на МК | МКТ | X<br><br>x | | | |

**Општа цел 3: Сузбивање на родовите стереотипи и градење на култура на ненасилство и недискриминација врз основа на пол, род и родов идентитет**

| Општа цел 3: Сузбивање на родовите стереотипи и градење на култура на ненасилство и недискриминација врз основа на пол, род и родов идентитет | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Специфична цел 3.1: **Спречување и борба против родово базирано насилство** | | | | | | | | |
| Резултат | Индикатори | | Активности | Носител | Спроведени активности | Делумно спроведени активности | Во тек | Неспроведени активности |
| | Индикатор на ниво на резултат | Индикатор на ниво на активности | | | | | | |
| 3.1.1Усогласена законска регулатива со стандардите воспоставени со Истанбулската конвенција, преку вклучување на сите облици на РБН и сексуално вознемирување | Степен на усогласеност на националното законодавство со ИК | Усвоена Национална стратегија за превенција и заштита од родово базирано насилство врз жени и семејно насилство 2024-2031 со Акциски план за спроведување | Подготовка на Национална стратегија за превенција и заштита од родово базирано насилство врз жени и семејно насилство 2024-2031 со Акциски план за спроведување | НКТ | | | X | |
| | Измени на Кривичниот законик во согласност со ИК | Усвоени измени на Кривичниот законик во согласност со ИК | Усвоени измени и дополнување на кривични дела согласно ИК | | | X | | |
| 3.1.2. Достапни родово разделени податоци за сите форми на РБН | Воспоставен систем за систематско собирање податоци | Изготвен документ за состојбата со родово-базираното насилство врз жените и семејното насилство. | Спроведување на национално истражување за состојбата со родово-базираното насилство врз | ДЗС | x | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | жените и семејното насилство. | | | | | |
| 3.1.3. Унапреден институционален одговор за превенција и заштита од РБН, особено на полицијата и правосудството. | Воспоставен систем за редовни обуки за вработените во институциите за препознавање и постапување во однос на различни облици на РБН | Вклучени наставни програми и обуки во МВР за препознавање и постапување во однос на различни облици на РБН<br><br>Спроведени мултидисциплинарни обуки на персоналот вклучен во Центар за жртви на трговија со луѓе и Прифатниот центар за странци за работа со жртви на трговија со луѓе и ранливи категории под висок ризик од трговија со луѓе.<br><br>Вклучени модули за родова еднаквост и преземање мерки и активности во врска со семејно насилство во програмата за основна обука за полицаец. | Спроведување континуирани основни и напредни обуки на полициски службеници од МВР на централно и регионално ниво за примена на индикатори и проактивни методи за рано откривање и идентификација на потенцијална жртва и жртва на трговија со луѓе, со посебен акцент на пристапот кон жените и девојчињата жртви.<br><br>Ажурирање на модули за обука и организирање мултидисциплинарни обуки на персоналот вклучен во Центар за жртви на трговија со луѓе и Прифатниот центар за странци за работа со жртви на трговија со луѓе и ранливи категории под висок ризик од трговија со луѓе.<br><br>Креирање и вклучување на модули за родова еднаквост и преземање мерки и активности во врска со семејно насилство во програмата за основна обука за полицаец. | МВР | X | | | |

| Општа цел 3: Сузбивање на родовите стереотипи и градење на култура на ненасилство и недискриминација врз основа на пол, род и родов идентитет | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Специфична цел 3.2: **Сузбивање на родовите стереотипи и сексизмот и промовирање еднаквост** | | | | | | | | |
| Појдовна точка: | | | | | | | | |
| Резултат | Индикатори | | Активности | Носител | Спроведени активности | Делумно спроведени активности | Во тек | Неспроведени активности |
| | Индикатор на ниво на резултат | Индикатор на ниво на активност | | | | | | |
| 3.2.1.Нулта толеранција за сексизам и за сексистички говор на омраза на работните места, во спортот, во медиумите и во пристапот до добра и услуги | Примена на меѓународни стандарди за борба против сексизам во мерки и политики<br><br>Воспоставени упатства за реагирање при појава на сексистички говор на омраза, по области.<br><br>Број на опомени/реакции во медиуми | Упатства и препораки за унапредување на законската рамка и за третман на родови прашања и начинот на претставување на жените и мажите во медиумите се изготвени и јавно достапни на веб страниците на АВМУ | Препораки за унапредување на законска рамка или за програми за дејствување во однос на медиумите<br><br>Објавување релевантни документи во однос на родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во медиумите, на сајтот на АВМУ. | АВМУ | X | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број на опомени/реакции на спортски настани<br><br>Број на пријави за сексизам на работното место, по пол, по родов идентитет<br><br>Број на поплаки и претставки за сексизам во пристапот до добра и услуги | Организирани 2 работилници за препознавање и реакција на сексистички говор и омраза и родово базирано насилство | Обуки за новинари и медиумски работници за препознавање и реакција на сексистички говор на омраза, со мерење на стекнати знаења | АВМУ | X | | | |
| | | Зголемено препознавање на дискриминаторска содржина од страна на јавноста, преку поднесуање претставки за дискриминаторска содржина во медиумите | Измени во закон за медиуми - усогласување на член 4 од ЗМ со член 48 од ЗАВМУ<br><br>Објавување на информации за дејствијата преземени против дискриминаторската содржина во медиумите | МДТ | | | | X |
| | | Спроведување на воспоставен систем за следење на ставови кон содржини на ТВ и радио | Годишни анализи за третманот на родовите прашања и претставувањето на жените и на мачите во програмите на радиодифузерите. Периодични препораки за зајакнување на содржините и/или опоменување и/или казнување на медиумот заради ширење говор на омраза | АВМУ | X | | | |
| 3.2.5.Медиуми што не промовираат стереотипи и стереотипни улоги, туку родова еднаквост и различности | Број на обуки на медиумските работници и на вработените во институциите во однос на родовите стереотипи, по пол, по служба<br><br>Број на поднесени претставки за дискриминаторска содржина во медиумите<br><br>Застапеност (%) на теми од родова еднаквост и различности во медиумски содржини<br><br>Застапеност (%) на жени соговорнички во ТВ емисии<br><br>Застапеност (%) на жени во медиумски содржини<br><br>Ставови кон содржини со родови различности во медиуми, по пол, по возраст (периодична проверка) | Спроведување на воспоставен систем за следење на ставови кон содржини на ТВ и радио | Годишни анализи за изразувањето и ставовите на уредниците, новинарите и гостите во ТВ и радио, и периодични препораки за зајакнување на содржините и/или опоменување и/или казнување на медиумот заради ширење на говор на омраза . | АВМУ | X | | | |